**Информација од интерсекторска работна група за стратешко планирање и буџетирање и КЕМ до Советот на Општината:**

**Врска: буџетски оперативни годишни програми за 2022 година**

Комисија за еднакви можности (КЕМ) ја поздравуваат интервенцијата на претседателот на интерсекторска работна група во Општината за стратешко планирање и буџетирање односно интегрирање на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетските процеси на Општина Крива Паланка, Мартин Николовски и координаторката за еднакви можности на жените и мажите во општината, Лидија Митовска а во врска со исполнување на законските обврски согласно член 14 став 2 од законот за еднакви можности на жените и мажите во делот на родово одговорно оперативно планирање и програмско буџетирање на општината за 2022 година.

Како резултат на расположивите информации како што не информираа претседателот и координаторката од изготвувачите на програмите, тие имаат интервенирано во 9 буџетски оперативни програми, и програмата за ЛЕР која е во нивниот сектор на работа и надлежност, каде со задоволство не информира дека слободно можат да кажат дека родово одговорно планирање и буџетирање е застапено во секоја од областите и активностите кои ги опфаќа програмата, секако тука се и акцискиот план за 2021-2023 за еднакви можности и програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година.

**Согласно извештајот од Мартин и Лидија и анализата на програмските документи за 2022 година КЕМ констарира:**

1. Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2022 година*****

**Во** * Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2022 година*** ( во ставките од буџетот; 1, 10,11,12 и 13 ) е застапено родово сензитивното планирање, како што е констатирано и во самата програма и планираниот износ на родова одговорна алокација на буџетски средства изнесува 592 000,00 денари.**

**Заклучок :**

Кем констатираат дека Во програмата недостасуват родови индикатори на резултати, Комисијата за еднакви можности предлага да се усвои програмата од Советот а изготвувачот на програмата за во иднина да дефинира родови индикатори на резултати, со цел следење и евалуација на родово буџетската алокација на финансиските средствата.

2. **ПРОГРАМА** За активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2022 година

**Во** * Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа образование за 2022 година**( во ставките од буџетот; 1, 2,5,6 и 7 ) е застапено родово сензитивното планирање, како што е констатирано и во самата програма и планираниот износ на родова одговорна алокација на буџетски средства изнесува 650 000,00 денари.**

**Заклучок :**

Кем констатираат дека Во програмата недостасуват родови индикатори на резултати, Комисијата за еднакви можности предлага да се усвои програмата од Советот а изготвувачот на програмата за во иднина да дефинира родови индикатори на

резултати, со цел следење и евалуација на родово буџетската алокација на финансиските средствата.

Кај Точка 7 од програмата: - Реконструкција и уредување на отворени спортски терени и дворни места во училиштата, констатацијата дека ќе ќе се води сметка за родовиот аспект при планираното, КЕМ ја поздравува и охрабрува да се размилува при секоја едн а слична активност за родовиот концеопт и родовата врамнотеженост. Во конкретнио случај на пример тоа би значело.дека нема само фудбалски игралишта да се реконструираат, а немаме девојчиња што играат фудбал. Од друга страна може имаме добри одбојкарски или кошаркарски ( машки и женски) училишни клубови и сл.

**Заклучок :**
Во програмата недостасуват родови индикатори на резултати, Комисијата за еднакви можности предлага да се усвои програмата од Советот а изготвувачот на програмата за во иднина да дефинира родови индикатори на резултати, со цел следење и евалуација на родово буџетската алокација на финансиските средствата.

3. **ПРОГРАМА За уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2022 година**

Во програмата за уредување на градежно земјиште во принцип има родово одговорна алокација на буџетски средства во активностите содржани во ставките изработка на техничка документација и делот изградба и одржување со кои се создаваат услови, предуслови се решаваат значајни инфраструктурни проблеми и задоволуваат најразлични потреби и приоритети на граѓаните кои се различни за жените и мажите, повозрасната популација - пензионерите и пензионерките, младинците и младинките, децата но и лицата со пречки во развојот и посебни потреби.

**Заклучок :**

Во програмата недостигаат дефинирани индикатиори на резултати, имаме само влезови, но и кумулативен приказ на расходите затоа не сме во можност ниту отприлика да утврдиме колку изнесува родово врамнотежената алокација на средства во истата. КЕМ предлага, советот д аја усвои програмата но во иднина изготвувачот да дефинира за секоја активност индикатори на резултати, според кои ќе се има јасни показатели за родовиот концеп и врамнотеженост на буџетот од програмата.

На пример активност градиме пат – улица : не е резултат само толку и толку метри изграден пат, тоа е цел, резултатот е кој го користи патот, на која целна група- број на жители е приоритет, дали со патот се засегнати подеднакво жените и мажите или едниот пол е повеќе засегнат, зошто.. ит.итн..

4. **ПРОГРАМА** за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2021 година

**Во *Програмата за улично осветлување на Општина Крива Паланка за 2022 година* во точките ( А и Б ) е застапено родово сензитивното планирање,и износот на родова одговорна алокација на буџетски средства изнесува 2. 200 000 денари.**

**Заклучок.**

Во програмата недостасуват родови индикатори на резултати, Комисијата за еднакви можности предлага да се усвои програмата од Советот а изготвувачот на програмата за во иднина да дефинира родови индикатори на резултати, со цел следење и евалуација на родово буџетската алокација на финансиските средствата.
И му предлга на изготвувачот за во иднина да даде поконкретен опис и на ставката В зошто во оваа ставка исто вложувањата во најголем дел го содржат родовиот концепт но истиот треба да се види, како што е случајот со ставките А и Б.

5. **ПРОГРАМА за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година**

**Одредени делови од *Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2021 година* во принцип се родово сензитивни, активностите насочени кон решавање на проблемот индирекно придонесуваат за создавање на услови за безбедно движење во извршување на своите секојдневни активности на граѓаните, посебно жените и децата во општината како физички послаба катгорија н аграшани но тука се и повозрасните граѓани**

**Во програмата недостигаат дефинирани индикатиори на резултати, имаме само влезови, без приказ на расходите затоа нема можност ниту отприлика да се утврди колку изнесува родово врамнотежената алокација на средства во истата.**

**Заклучок:**
Комисијата за еднакви можности предлага да се усвои програмата од Советот а изготвувачот на програмата за во иднина да дефинира родови индикатори на резултати, со цел следење и евалуација на родово буџетската алокација на финансиските средствата.

6. **Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година во Општина Крива Паланка**

* Програмата за социјална , детска и здраствена заштита за 2022 година* Во принцип е родово сензитивна затоа што буџетската алокација на средства во трите области (**социјалната, детската како и здравствената заштита )** е во директна корелација со најранливите категории на граѓани и граѓанки во заедницата и нивните потреби и приоритети.
**Буџетската алокација на средства за целната група изнесува околу 3 000 000,00 МКД**

**Заклучок:**
И во оваа програма како и во претходните тоа што недоставува се родови индикатори на резултати, Комисијата за еднакви можности предлага да се усвои програмата од Советот а изготвувачот на програмата за во иднина да дефинира родови индикатори на резултати, со цел следење и евалуација на родово буџетската алокација на финансиските средствата.

7. **ПРОГРАМА За зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во општина Крива Паланка за 2021/2022**

**Едно од народово сензитивните прашања.**

Програмата дава слика за опфатот на зимското одржување , но недостасува анализа, како и кај најголем дел од програмите имаме само влезови, финансирањето треба да прати резултати и **посебно приоритети**. КЕМ предлага до изготвувачот, во иднина да одреди јасни показатели и индикатори на резултати, како и да ги утврди приоритетите, со јасни показатели за родово сензитивните потреби на граѓаните и граѓанките, а со тоа и родова врамнотеженост на буџетот.

**Заклучок:**

Комисијата за еднакви можности предлага да се усвои програмата од Советот а изготвувачот на програмата за во иднина да дефинира родови индикатори на резултати и приоритети, со цел следење и евалуација на родово буџетската алокација на финансиските средствата.

8. **ПРОГРАМА за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2022 година**

**При анализата на оваа програма, родова врамнотежена активност во моментот единствено може да биде:**

Активноста - Создавање на услови за воспоставување, развој и зајакнување на доброволната противпожарна организација со подеднакво учество на жените и мажите во истата на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето на територијата на општината.

Но во делот на расходите нема предвидено буџет за оваа активност како дирекна корелација на активноста со целта од истата.

**ПРЕДЛОГ ОД КЕМ:**

Да се размислува во иднина приоритет да се даде на жени кандидатки за вработување во областа која ја опфаќа оваа програма бидејќи во моментот тоа е една професија која е резервирана само за мажите.

9. **Програма за ЛЕР**

Во Програмата за ЛЕР целосно е земен предвид родовиот аспект при планирањето и алокација на средствата. Родово буџетската алокација на финансиските средства изнесува 24 230 000,00 мкд**.**

10. **Програма за еднакви можности на мажите и жените за 2022**

Програмата е родово сензитивна по дифолт и содржи посебни и основни мерки за унапредување на еднаквите можности.

Буџетска алокација на средства изнесува **140.000,00 мкд.**